Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë,
Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 15-7998/2
31.08.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Бр.-Nr. 15- 7998/2
31.08. 2023 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

# НАЦИОНАЛНА РУРАЛНА МРЕЖА

# ЈАВЕН ПОВИК

за поднесување на предлог активности за спроведување на Акцискиот план на Националната рурална мрежа во Република Северна Македонија за периодот 2023-2027 година, за годишниот акциски план за 2023 година, кој ќе се финансира со средства од мерката 3 „Активности на Националната рурална мрежа“ од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година

**Содржина:**

1. ПРЕДМЕТ НА ПОВИКОТ ..... 3
2. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ПОВИКОТ ..... 3
3. УСЛОВИ НА ПРИФАТЛИВОСТ НА ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТА И ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ..... 4
4. ОСТАНАТИ УСЛОВИ ЗА ПРИФАТЛИВОСТ ..... 6
5. ВИСИНА НА ПОДДРШКА ..... 7
6. ИСКЛУЧУВАЊЕ НА БАРАТЕЛОТ ..... 9
7. НАЧИНИ, УСЛОВИ И РОКОВИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ ..... 9
8. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА И ИЗДАВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ ..... 9
9. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ ..... 11
10. ОТКАЖУВАЊЕ НА БАРАТЕЛОТ ..... 11
11. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТА ..... 11
12. ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ ОД ПРИЈАВАТА ..... 11
13. ПОСЕТА НА ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ ..... 12
14. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОДОБРЕНАТА ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТ ..... 12
15. ВРАЌАЊЕ НА СРЕДСТВА ..... 13
16. ИНФОРМИРАЊЕ И ВИДЛИВОСТ ..... 13
17. ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ ..... 14
18. ПОПИС НА ПРИЛОЗИ И ОБРАЗЦИ ..... 14

Прилог 1 Документација за поднесување на барање за предлог активност
Прилог 2 Документација за поднесување на барање за промена барањето за предлог активност
Прилог 3 Документација за реализација на одобрената предлог активност
Прилог 4 Информирање и видливост

## 1. ПРЕДМЕТ НА ПОВИКОТ

**Предмет на повикот** е доделување на средства во согласност со Правилникот за начинот и условите за финансисрање на работата и активностите на националната рурална мрежа, прифатливите трошоци, висината на финансирањето и дополнителни услови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 47/23 и 179/23, во понатамошниот текст: Правилникот). Правилникот е достапен на интернет страниците www.nmrr.mk, www.ipardpa.gov.mk и www.mzsv.gov.mk.

Целта на повикот е спроведување на активностите од Акцискиот план на Националната рурална мрежа за период 2023-2027 година, за годишниот акциски план за 2023 година, односно остварување на целите на Националната рурална мрежа.

Вкупниот износ на средства кои се на располагање за овој повик изнесува 10.000.000 денари, од кои за активностите од точка 3 подточка А) 6.000.000 денари, од подточките Б и В) 2.000.000 денари и од подточка Г) 2.000.000 денари.

Од било која подточка од точка 3 каде нема да се искористат средствата истите ќе се префрлат на предлог активностите кои се во другите точки на рамномерен принцип. За овој јавен повик ќе се финансираат предлог активности до 600.000 денари по корисник на поддршката. Доколку буџетот или збирот на буџетот на предлог активноста (ако е една) или предлог активностите (ако се две) го надминува износот од 600.000 денари истиот паѓа на товар на барателот. Еден барател може да користи средства најмногу за две предлог активности со буџет на поддршка до 600.000 денари.

Поддршката подразбира доделување на наменски и неповратни парични средства за кофинансирање на прифатливите активности кои се предмет на овој повик, авансно во целост пред одржување на предлог активноста.

## 2. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ПОВИКОТ

За да може да учествува на повикот, барателот треба да ги исполнува следните услови :

а) да има седиште во Република Северна Македонија;
б) да биде член на Националната рурална мрежа (заклучно со датумот на објавување на повикот) и да е регистриран корисник (да има лозинка за пријавата во членство);
в) ги има подмирено сите обврски по основ на даноци и придонеси, како и други обврски од јавни приходи заклучно со месецот на доставување на пријавата;
г) против барателот да не е поведена стечајна или ликвидациона постапка
д) да нема блокирана приходна сметка повеќе од 30 дена во претходни 6 месеци, од кои не повеќе од 15 дена во континуитет, со известување дека во моментот на поднесување на барањето не е под блокада.

## 3. УСЛОВИ НА ПРИФАТЛИВОСТ НА ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТА И ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ

При доставување на пријавата, предлог активностите треба да ги исполнуваат следните услови:

а) да се спроведува на подрачјето на Република Северна Македонија, освен активностите поврзани со студиските патувања;

б) планираниот почеток на спроведување на предлог активноста е 30 дена од денот на завршување на рокот за поднесување на барањето, но не покасно од 12 месеци од потпишувањето на договорот;

в) да придонесуваат за најмалку една цел на Националната рурална мрежа:

- зголемување на вклученоста на заинтересираните страни во спроведувањето на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период 2023-2027 година;
- подобрување на квалитетот за спроведување на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период 2023-2027 година
- информирање на пошироката јавност и потенцијалните корисници за политиката за рурален развој и можностите за кофинансирање на проекти и
- поттикнување на иновации во земјоделството, производство на храна, шумарство и одржливиот развој на руралните средини, руралните заедници и руралните региони.

г) Предлог активноста да трае најмногу три дена;

д) Предлог активноста не треба да биде финансирана од други извори на финансирање;

ѓ) Стручните лица кои се ангажирани за спроведување на активноста треба да имаат завршено високо образование VII/1 степен или 240 кредити според ЕКТС од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството, од кои главните стручни лица (обучувачи, предавачи и/или изговувачи) треба да имаат најмалку пет години работно искуство од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија или шумарството, а помошно-стручните лица (асистенти) да имаат најмалку две години работно искуство од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија или шумарството, а истите треба да се вкалкулираат во дозволениот буџет на стручните лица со дозволен лимит согласно правилникот (поддршка на стручните лица доколку им е потребна).

е) Студиските патувања се спроведуваат надвор од Република Северна Македонија и мора да бидат поврзани со земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството.

ж) Од една организациона форма на Националната рурална мрежа на студиското патување може да учествуваат најмногу до 10 лица.

з) Бараниот износ на активностите не може да биде понизок од 60.000 денари, ниту повисок од 2.500.000 денари (со вклучен ДДВ), односно средствата над 600.000 денари ќе паднат на товар на барателот и

ѕ) Понудите по предлог активноста не смеат да бидат постари од денот на објавување на повикот за доставување на предлог активности (со назначен датум за важење на понудата), при што до 600.000 денари се поднесува една понуда, а над 600.001 денар потребно е да се обезбедат три споредливи понуди и да се одбере најниската понуда, а при доставување на барањето за финансирање на активноста да се достават сите три понуди.

**<u>Прифатливи активности за кофинансирање се:</u>**

А) Настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството кои се организираат и траат најмногу три дена (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции, симпозиуми и саеми).

Б) Истражувања, анализи и студии од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството.

В) Изготвување и печатење на промотивен материјал (каталог, брошура, рекламна табла, постер, промотивен пулт, УСБ флеш уред за снимање на содржина, „roll up“ банер со конструкција и видео материјал) кој не е составен дел на активностите од точките А), Б) и Г).

Г) Студиски патувања од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството надвор од Република Северна Македонија, со цел поттикнување на иновации во земјоделството, производството на храна, шумарството и одржливиот развој на руралните средини, руралните заедници и руралните региони и тоа на:

- саеми за земјоделство, рурален развој, прехрамбена индустрија и шумарство;
- настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции и симпозиуми) и
- посета на стручни установи и/или институции поврзани со земјоделство, рурален развој, прехрамбена индустрија и шумарство.

**<u>Прифатливи трошоци за кофинансирање се:</u>**

(А) Настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството кои се организираат и траат најмногу три дена (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции, симпозиуми и саеми):

- услуги на стручни лица (обучувачи, предавачи и/или изговувачи) за обуки и предавања за спроведување на активноста;
- изнајмување на простор и опрема за спроведување на активноста, вклучително и техничкиот персонал;

- услуги за симултано преведување вклучително опрема и технички персонал;
- храна и пијалок за учесниците на настанот;
- промовирање на активноста  (соопштенија преку сите форми на медиуми, потрошен материјал за спроведување на активноста, изработка на промотивни материјали поврзани со активноста) и
- трошоци за транспорт и сместување на учесниците на настанот.

(Б) Истражувања, анализи и студии од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството:

- услуги за стручни лица (обучувачи, предавачи и/или изговувачи) за спроведување на активноста,
- потрошен материјал за спроведување на активноста и
- промовирање на активноста (подготовка, печатење и објавување на резултатите од спроведените истражувања, анализи и студии, изработка на промотивен материјал).

(В)  Изготвување и печатење на промотивен материјал (каталог, брошура, рекламна табла, постер, промотивен пулт, УСБ флеш уред за снимање на содржина, „roll up" банер со конструкција и видео материјал) кој не е составен дел на активностите од точките А), Б) и Г):

- промотивен материјал (изработка на промотивен материјал).

(Г) Студиски патувања од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството надвор од Република Северна Македонија, со цел поттикнување на иновации во земјоделството, производството на храна, шумарството и одржливиот развој на руралните средини, руралните заедници и руралните региони:

- трошоци за транспорт и сместување на учесниците на студиското патување најмногу до 10 лица од една организациска форма на Националната рурална мрежа
- трошоци за котизација на учесниците на студиското патување и
- трошоци за услуги за симултано преведување, вклучително опрема и технички персонал.

## 4. ОСТАНАТИ УСЛОВИ ЗА ПРИФАТЛИВОСТ

При поднесување на пријавата, предлог активностите мора да ги исполнуваат следните услови:

а) пријавата се доставува електронски на интернет страницата на Национална рурална мрежа www.nmrr.mk  или во печатена форма доставени до писарницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

б) пријавата со потребните документи треба да се поднесат после објавување на повикот и рокот кој е наведен во точка 7 од овој повик;

в) во едно пријава може да се пријави само една прифатлива активност од точка 3 на овој повик.

г) еден барател може во текот на траењето на повикот да поднесе најмногу 2 пријави и

д) во една календарска година еден ист барател може да реализира поддршка за најмногу две барања за различни цели на Националната рурална мрежа, односно две различни предлог активности, од кои за студиски патувања надвор од Република Северна Македонија може да оствари поддршка само за една предлог активност.

## 5. ВИСИНА НА ПОДДРШКА

Средствата за поддршка предвидени со овој јавен повик во целост се обезбедени преку Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година.

Најмалиот износ на поддршка по прифатлива активност изнесува 60.000 денари (со вклучен ДДВ), а највисокиот износ на поддршка по прифатлива активност изнесува 2.500.000 денари (со вклучен ДДВ), со напомена дека поддршката е до 600.000 денари по корисник, а средствата над 600.000 денари ќе паднат на товар на барателот.

Висината на поддршката (со вклучен ДДВ) на одобрените активности изнесува:

1) за услуги за стручни лица за спроведување на активностите најмногу до 12.000 денари во бруто износ на ден, врз основа на склучен договор за дело со авторски хонорар (доколку стручното лице учествува во активност која трае најмногу два дена, може да се побара финансирање и за еден ден припрема на стручното лице, а доколку стручното лице учествува во активност која трае три дена, може да се побара финансирање и за два дена припрема на стручното лице);
2) изнајмување на просторот вклучително и опрема за спроведување на активноста во износ најмногу до 35.000 денари на ден;
3) за услуги за симултано преведување (вклучително со опрема за симултано преведување и монтажа на опремата за симултано преведување) во износ до 20.000 денари на ден;
4) за храна и пијалок по учесник на настанот најмногу до 1.000 денари по учесник на ден;
5) За промоција на активностите со промотивен материјал:
   - леток (вклучително припрема и печатење) најмногу до 15 денари по парче,
   - каталог/брошура (вклучително припрема и печатење) најмногу до 300 денари по парче,
   - рекламна табла – В1 (вклучително припрема и печатење) најмногу до 6.500 денари по парче,
   - постер со димензии 1000mm x 1414mm (вклучително припрема и печатење) најмногу до 1.500 денари по парче,
   - промотивен пулт најмногу до 10.000 денари,
   - УСБ флеш-уред за снимање на содржина најмногу до 700 денари по парче,
   - фотокопирање А4 двострано/еднострано најмногу до 2 денари по парче,
   - фотокопирање и печатење во боја на А4 најмногу до 15 денари по парче,

- вкоричување со спирала најмногу до 100 денари по парче,
- „roll up“ банер со конструкција (печатење и монтажа) најмногу до 2.500 денари по парче,
- платно за презентација најмногу до 6.000 денари по парче,
- маици најмногу до 500 денари по парче,
- беџови најмногу до 50 денари по парче,
- чадори најмногу до 1.000 денари по парче,
- графички дизајн најмногу до 6.000 денари по корисник и
- видео материјал најмногу до 6.000 денари по активност.

6) за ноќевање по учесник на активноста во хотели со категорија до четири ѕвезди најмногу до 9.000 денари на ден;
7) за трошоци за повратни карти на автобуски и/или авионски транспорт за посета на активноста во целост на износот на билетот и
8) за трошоци за котизација по учесник најмногу до 10.000 денари на ден.

При поднесување на пријавата, за трошоците за кои се наведени горни прагови на ограничување на износот на поддршката потребно е да се достави една понуда. Ако износите го надминуваат прагот на ограничување на износот на поддршката, потребно е да се достават три понуди кои се споредливи по содржина, да се одбере најефтината понуда и да се даде образложение за пречекорување на ограничувањето при поднесување на самата пријава.

За трошоци кои поединечно надминуваат износ од 600.000 денари ( со вклучен ДДВ), потребно е да се достават три содржајно споредливи понуди при што се одобрува најевтината понуда од доставените понуди при поднесувањето на самата пријава.

Табела 1: Појаснување за бројот на понуди за определена висина на трошоци

| Вкупен износ на трошокот со ДДВ (денари) | Ограничување по трошок/мерна единица | Број на понуди |
|---|---|---|
| Повеќе од 600.000 | Без ограничување | 3 |
| Повеќе од 600.000 | Над ограничување | 3 |
| Повеќе од 600.000 | Испод ограничување | 1 |
| Помалку од 600.000 | Без ограничување | 1 |
| Помалку од 600.000 | Над ограничување | 3 |
| Помалку од 600.000 | Испод ограничување | 1 |

Понудите мора да бидат на македонски јазик, а понудите кои се на странски јазик треба да бидат преведени од овластен судски преведувач и заверени на нотар.Сите даноци (ДДВ и персонален данок) се прифатливи за финансисрање, а кои се поврзани со прифатливите активности, согласно важечките законски прописи во Република Северна Македонија.

## 6. ИСКЛУЧУВАЊЕ НА БАРАТЕЛОТ

Корисникот на финансиска поддршка за активноста која се финансира преку Националната рурална мрежа ќе биде исклучен во постапката за одобрување на пријавата доколку:

а) доставил лажни податоци и документација при поднесување на пријавата и барањето за промена на пријавата;
б) има неподмирени обврски спрема Република Северна Македонија по основ на даноци;
в) ако е правен субјект во стечај или ликвидација;
г) доколку е должник на средства по основ на поврат на средства од други програми за финансиска поддршка кои ги менаџира министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и
д) доколку предлог активноста е веќе финансирана од други фондови или програми.

## 7. НАЧИНИ, УСЛОВИ И РОКОВИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

Повикот е отворен од 31 август до 30 септември 2023 година.
Барателот поднесува пријава после објавување на јавниот повик.
Барателот пополнува пријава за поднесување на предлог активност во електронска форма кој е достапен на интернет страницата на Националната рурална мрежа www.nmrr.mk. Пријавата е на видливо место со назив Пријава за поднесување на предлог активности по јавен повик бр. 1/2023. Барателот по електронски пат ја пополнува пријавата на сите предвидени полиња. Со пополнување на пријавата потребно е да ја прикачи целокупната потребна документација која е наведена во Прилог 1. Бараната документација треба да биде на македонски јазик. Доколку се доставува документација со друг јазик истиот треба да биде преведен од овластен судски преведувач.

## 8. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА И ИЗДАВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

Постапката за доделување на поддршка ја спроведува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство/Секретаријатот и Управниот одбор на Национална рурална мрежа врз основа на овој повик.

Постапката за доделување на поддршката започнува со примање на пријавата и целокупната потребна документација по пат на апликација на интернет страницата на Националната рурална мрежа www.nmrr.mk, а завршува со потпишување на Договор за финансиска поддршка на барателот на средствата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година, од една страна (корисник на средствата) и министерот од друга страна (давател на средствата).

Постапка за доделување на поддршката:

1. Примање на пријавата со целокупната потребна документација и потврдување дека истото е примено по пат на апликација на интернет страницата на Националната рурална мрежа www.nmrr.mk (истото треба да биде доставено и во печатена форма до писарницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство);
2. Проверка на пријавата (време на поднесување, потполност на барањето, услови за прифатливост на барателот, услови за прифатливост на активностите и трошоците и останатите услови на прифатливост од страна на Секретаријатот на Националната рурална мрежа и по потреба и на Управниот одбор на Националната рурална мрежа;
3. Издавање на Одлука за одобрување на активност или Одлука за одбивање на предлог активноста од страна на:
   - претседателот на Управниот Одбор на Националната рурална мрежа за износ на поддршка до 600.000 денари и/или
   - претседателот на Управниот Одбор на Националната рурална мрежа, со претходна согласност на мнозинство членови на Управниот Одбор на Националната рурална мрежа за износ на поддршка над 600.000 денари.

По приемот на сите потребни документи кои се поднесени со повикот, Секретаријатот на Националната рурална мрежа прави ранг листа на поднесени пријави според времето на поднесување на пријавите по начелото прв дојден-прв услужен.

Предност на ранг листата имаат баратели кои први се пријавиле на повикот, при што за време на поднесување на пријавата се смета моментот на испраќање (датум, саат, минута и секунда на на апликација на интернет страницата на Националната рурална мрежа www.nmrr.mk).

Претседателот на Управниот одбор на Националананата рурална мрежа, односно Секретаријатот на Националната рурална мрежа по завршената административна контрола на барањето ги донесува следните одлуки:

- Одлука за одобрување на предлог активноста или
- Одлука за одбивање на предлог активноста

Одлуката за одобрување на предлог активности се донесува за навремени, потполни и прифатливи пријави и за пријави за кои има доволно расположливи средства од овој повик.

Одлуката за одбивиње на предлог активности се однесува на ненавремени, непотполни и неприфатливи пријави и за пријави за кои нема доволно расположиви средства од овој повик.

Доколку се обезбедат средства во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година за навремени, потполни и прифатливи пријави за кои немало доволно расположиви средства од овој повик истите ќе добијат одлука за одобрување на предлог активности со дополнително рангирање.

Дополна/образложение/поправка на пријавата не е дозволено по завршување на јавниот повик.

## 9. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

Секретаријатот на Националната рурална мрежа може да доставува акти и други документи лично на барателот, односно може и електронски преку електронска пошта. Доставувањето преку електронска пошта се врши преку контакт адресата на барателот која е наведена при поднесување на пријавата. Доставувањето по електронски пат се смета реализиран кога ќе се добие повратен одговор дека пораката е примена.

## 10. ОТКАЖУВАЊЕ НА БАРАТЕЛОТ

Барателот може по пат на апликација која е видливо објавена на веб страната на Националната рурална мрежа (www.nmrr.mk) после поднесување на пријавата за предлог активност да поднесе барање за откажување од пријава за предлог активноста најдоцна до 30 дена по завршување на јавниот повик, со наведување на причината за која се откажува од пријавата. Во случај да барателот поднесе барање за откажување од пријавата за предлог активноста, претседателот на управниот одбор на Националната рурална мрежа донесува одлука за откажување од пријавата.

## 11. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТА

Спроведување на предлог активноста од страна на барателот може да започне со денот на потпишување на Договорот за одобрување на предлог активноста, но не пред почетокот кој е јасно и видливо наведен во пријавата пристигната со повикот или барањето за промена на пријавата, доколку поднел вакво барање. Периодот за спроведување на предлог активноста е најмногу 12 месеци од денот на потпишување на Договорот за финансиска поддршка на предлог активноста. Не е дозволено продолжување на периодот предвиден во договорот за финансиска поддршка на предлог активноста.

## 12. ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ ОД ПРИЈАВАТА

По потреба, барателот е задолжен да бара одобрување за менување на податоци во пријавата за предлог активноста со поднесување на барање за промена на пријава по електронски пат на интернет страницата на Националната рурална мрежа (www.nmrr.mk).
Дозволено менување на податоците од пријавата се однесуваат за:

- Менување на одбран понудувач и
- Менување на локацијата и почетокот на спроведување на предлог активноста.

Постапката за повторно собирање на понуди од страна на барателот е задолжително да се заврши до моментот кога се доставува барање за промена на пријава. Износите во понудите кои се поднесуваат во барање за промена на пријава, не смеат да бидат повисоки во однос на понудите

кои биле доставени со поднесување на пријавата за предлог активноста. Претседателот на Управен одбор на Националната рурална мрежа ќе ги одобри менувањата на барањето ако со бараната промена не се менува целта и суштината на предлог активноста за која е поднесена пријавата за предлог активноста.

Рокот за поднесување на барања за промена на пријава со дозволените документи за промена е дозволен само во рокот на траење на повикот.

По административна обработка на барањето за промена на пријавата на предлог активноста се издаваат следните акти:

- Одлука за одобрување на промена на пријава за предлог активноста - се издава при одобрување на барањето за промена пријава;
- Одлука за одбивање на промена на пријава за предлог активноста се издава во случај на неодобрување на барањето за промена на пријава на предлог активноста.

Доколку има промена на датумот на реализација на активноста, промената треба да биде доставена електронски преку апликацијата за Јавен повик на веб страната на Националната рурална мрежа www.nmrr.mk со пополнување на барање за промена на пријава за предлог активност до Секретаријатот на националната рурална мрежа во рок најкасно 15 дена пред одржување на настанот кој е предложен со предлог активноста и за истата да се даде образложение. Пристигнатата промена на датумот Секретаријатот ќе ја архивира и ќе направи анекс на Договорот за финансиска поддршка.

## 13. ПОСЕТА НА ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

По потреба Секретаријатот на Националната рурална мрежаи и/или Управниот одбор на Националната рурална мрежа и/или Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и/или друга институција која има законски овластувања да врши проверка на спроведување на одобрените активности на барателите на финансиска поддршка од Националната рурална мрежа, може да ја посети предлог активноста во текот на спроведување на истата.

## 14. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОДОБРЕНАТА ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТ

Барателот за реализација на одобрената предлог активност во рок најкасно 30 дена по завршување на предлог активноста мора да поднесе описен и финансиски извештај со пропратни документи со кои ќе ги оправда средствата кои ги добил согласно потпишаниот договор за користење на финансиска поддршка во хартиена форма до архивата на министерството со назнака „Национална рурална мрежа„ за јавен повик бр. 1/2023 во затворен плик и во горниот десен агол да пишува „НЕ ОТВАРАЈ“ со следните документи:

2. Договори направени за ангажман на стручни лица и/или помошно-стручните лица (асистенти) или договори поврзани со планираната предлог активност потпишани од барателот и давателот на услугата;
3. Фактури, изводи од банка дека извршил плаќања на фактурите, испратници и/или работни налози од понудувачот/понудувачите кои се избрани од страна на барателот за реазлизираното плаќање и
4. Фотографии и/или исечоци од весници и/или објави на интернет страници како социјални мрежи кои ја објавиле одобрената предлог активност).

## 15. ВРАЌАЊЕ НА СРЕДСТВА

Доколку при најавена или ненајавена посета на реализација на одобрената предлог активност од страна на барателот, претседателот на Управниот одбор на Националната рурална мрежа донесува одлука за суспендирање на активноста по записник од реализираната посета. На записникот треба да се потпишат и лицето кое ги посетува активностите со овластување за посета од страна на Управниот одбор како и барателот кој ја спроведува активноста, со можност за забелешка на записникот. Врз основа на известување изготвено од секретаријатот на НРМ, а одобрено од Управниот одбор на НРМ, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој изготвува решение за поврат на средства.

Доколку во доставениот завршен описен и финансиски извештај пропратен со документи со кои треба да ги оправда средствата за завршената активност и се утврди дека корисникот направил и/или пријавил трошоци кои не одговараат согласно побараните трошоци во пријавата и согласно Догворот за спроведување на активноста, корисникот е должен да ги врати средствата за неприфативите трошоци, по доставено известување за поврат на средства од страна на Секретаријатот на НРМ.

Доколку трошоците ги надминуваат одобрените средства корисникот на средства е должен сам да ги надомести таквите трошоци од предложениот буџет во целост, а доколку истото не го реализира треба да достави образложение за истото. Доколку не достави образложение за предложениот буџет за предлог активноста, средствата за поддршка во износ од 600.000 денари ќе треба да ги врати во целос во буџетот на Република Северна Македонија.

## 16. ИНФОРМИРАЊЕ И ВИДЛИВОСТ

Барателот е обврзан да се придржува на принципите на информирање и видливост на предложената активност наведени во овој јавен повик и договорот за финансиска поддршка на предлог активноста. Барателот се обврзува да превземе чекори да објави дека средствата ќе се користат од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година преку

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во висина од 100% од мерка 3 „Активности на Националната рурална мрежа". На интернет страницата на Националната рурална мрежа www.nmrr.mk потребно е пред спроведување на одобрената предлог активност да се објави краток опис на активноста, целите и крајните корисници. По завршување на спроведувањето на активноста, барателот јасно и видливо на местото каде што ја спровел активноста мора да постави плакат или банер (ознака за видливост) на која е наведена одобрената прифатлива предлог активност.

## 17. ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

Сите лични податоци кои се собрани врз основа на овој повик се собираат и обработуваат во насока на спроведување на повикот, обработка на барањето на барателот и информирање на јавноста, во согласност со прописите во Република Северна Македонија кои ја уредуваат заштитата на лични и други податоци.

## 18. ПОПИС НА ПРИЛОЗИ И ОБРАЗЦИ

Прилог 1 Документација за поднесување на пријава

Прилог 2 Документација за поднесување на барање за промена на пријава

Прилог 3 Документација за реализација на одобрената предлог активност

Прилог 4 Информирање и видливост

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР НРМ

Трајан Димковски

МИНИСТЕР

Љупчо Николовски

Секретаријат на Национална рурална мрежа:

1. Сашо Кутлешовски-член
2. др. Славица Михајловска-член
3. Стојан Гацов-член
4. Биљана Дамческа-член
5. Стевче Тополчанец-член
6. Боро Каевски-член

Прилог 1

## ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТ

Барателот при поднесување на пријава за предлог активност треба да ја поднесе следната документација:

а) тековна состојба за правните субјекти или копија од лична карта за физички лица со дополнителна дејност земјоделство и рурален развој не постара од денот на објавување на повикот (оригинал или копија заверена на нотар);

б) потврда од УЈП дека барателот ги има подмирено обврските спрема Република Северна Македонија за тековната година (освен за членови физички лица со дополнителна дејност земјоделство и рурален развој) не постара од денот на објавување на повикот (оригинал или копија заверена на нотар);

в) потврда од банка за физички лица, односно од банка или централен регистер за правни субјекти дека сметката не е блокирана од денот на објавување на повикот (оригинал или копија заверена на нотар) не постара од денот на објавување на повикот;

г) потврда од банка за издадена жиро или трансакциска сметка не постара од денот на објавување на повикот (оригинал или копија заверена на нотар);

д) детална спецификација на предлог активностите во и вон Република Северна Македонија (оригинал со печат и потпис ако е правен субјект или ЛАГ и потпис ако е физичко лице) не постара од денот на објавување на повикот;

ѓ) биографија на стручните лица, ако се бара услуга од стручно лице со датум не постар од денот на објавување на повикот;

е) понуда/понуди за предлог активноста со јасен опис на техничкиот материјал, работата и/или услугата со количина и цена со пресметан ДДВ не постара од денот на објавување на повикот (оригинал со печат од понудувачот);

ж) изјава на барателот дека за ист тип на инвестиција не користел финансиска поддршка од други извори на финансирање не постара од денот на објавување на повикот (оригинал со печат и потпис ако е правен субјект или ЛАГ и потпис ако е физичко лице и заверен на нотар);

з) изјава на пријавителот дека предлог активноста е во согласност со Националната програма за развој на земјоделство и рурален развој за период 2023-2027 и/или со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година (оригинал со печат и потпис ако е правен субјект или ЛАГ и потпис ако е физичко лице и заверен на нотар) не постара од денот на објавување на повикот;

ѕ) потврда дека не е отпочната постапка за ликвидација и стечај издадена од Централен регистар на РСМ, освен за членови физички лица со дополнителна дејност земјоделство и рурален развој не постара од денот на објавување на повикот(оригинал или копија заверена на нотар);

и) потврда дека управителот во правниот субјект нема забрана за вршење дејност или професија издадена од Централен Регистар на РСМ, освен за членови физички лица со дополнителна дејност земјоделство и рурален развој не постара од денот на објавување на повикот (оригинал или копија заверена на нотар) и

ј) потврда дека за физичкото лице со дополнителна дејност земјоделство и рурален развој нема забрана за вршење дејност или професија издадена од Основен суд не постара од денот на објавување на повикот (оригинал или копија заверена на нотар).

Прилог 2

## ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА МЕНУВАЊЕ НА ПРИЈАВА

Барателот при поднесување на барање за промена на пријава за предлог активност треба да ја поднесе следната документација:

а) нови понуди за предлог активноста со јасен опис на техничкиот материјал, работата и/или услугата со количина и цена со пресметан ДДВ оригинал со печат од понудувачот, (една или три споредливи понуди со детална спецификација на трошоци)

б) за активности и студиски патувања детална спецификација на трошоци за планираните активности во и вон Република Северна Македонија (оригинал со печат и потпис ако е правен субјект или ЛАГ и потпис ако е физичко лице)

Прилог 3

ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТА

а) Извештај за спроведени предлог активности (пропратно писмо со листа на документи, наративен опис на реализираната активност, реализирани финансиски средства со докази);

б) Оригинал на листа на учесници со депонирани потписи (заверени на нотар);

в) Договори направени за ангажман на стручни лица или договори поврзани со планираната предлог активност потпишани од барателот и давателот на услугата (за даночни обврзници заверени со печат);

г) Фактури, изводи од банка, испратници и/или работни налози од понудувачот/понудувачите кои се избрани од страна на барателот за реазлизираното плаќање (оригинали споредливи со доставените понуди) и

д) Фотографии и/или исечоци од весници и/или објави на интернет страници како социјални мрежи кои ја објавиле одобрената предлог активност.

Прилог 4

ИНФОРМИРАЊЕ И ВИДЛИВОСТ

Како крајна обврска сите вложувања кои се спроведуваат од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во износ од 100% мерка 3 „Активности на Националната рурална мрежа" треба да се означат од страна на крајниот корисник-барателот на предлог активност.

1. Обврска на барателот на средствата

Барателот мора прописно да го означи своето вложување и тоа:

1.1 Во текот на спроведување на предлог активноста

А) Преку интернет страницата на Националната рурална мрежа www.nmrr.mk како обврска, но може и преку својата интернет страница доколку ја има, со потенцирање дека средствата за спроведената активност се од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година а истата ја донесува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, целите и резултатите на спроведената активност

Б) Со плакат (минимален формат А3), за финансиска поддршка која е до 600.000 денари и

В) Со информативна табла, за финансиска поддршка која е над 600.000 денари

1.2 На плакатите, информативните табли треба да бидат наведени податоците за називот на предлог активноста и износот на реализираната финансиска поддршка.

Пример/Слика:

ОВАА АКТИВНОСТ Е ФИНАНСИРАНА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2023 ГОДИНА ОД МЕРКА 3 „АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНАТА РУРАЛНА МРЕЖА)

**Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период 2023-2027 година**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

НРМ

*(НАСЛОВ НА ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТ/ИЗНОС НА СРЕДСТВА)*

ВИСИНА НА ПОДДРШКАТА: до 600.000 денари 100%

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЛОЖУВА ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА